Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 74-тата седница одржано на 06.09.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1709/1 од 27.04.2021 година, со наводи за погрешно спроведување на постапки во катастарот на недвижностите, како и наводи за погрешно спроведени постапки на приватизација и легализација, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-1709/1 од 27.04.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 27.04.2021 година поднесена е пријава со наводи за погрешно спроведување на постапки во катастарот на недвижностите, како и наводи за погрешно спроведени постапки на приватизација и легализација, и оформен е предмет број 12-1709/1 од 27.04.2021 година.

Во пријавата подносителот изнесува општи наводи за непостапување на повеќе институции во врска со исполнување на индивидуални права поврзани со определување на право на сопственост на недвижен имот на територијата на општина Кичево, за што биле спроведени постапки во повеќе институции. Во истата, без да бидат посочени конкретни дејствија на службени лица и без прецизно наведување на конкретни постапки, изнесени се општи наводи за несоодветно постапување на народен правобранител, за погрешно спроведена постапка за приватизација како резултат на несоодветна/погрешна евиденција во катастарот на недвижностите, за погрешно спроведена постапка за легализација, и за неетичко поведение на судија. Во пријавата е посочено и дека за предметното прашање постапувале повеќе органи, меѓу кои и одделение за имотно-правни работи, комисија за одлучување во втор степен и Управен суд, и во истата е изразено и незадоволство од некомпетентноста и нестручноста во рамки на институциите кои постапувале.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи/ дејствија не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, ДКСК констатира дека во истата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и дека нема доволно податоци со кои истите би се конкретизирале, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**